Друштво за промет и услуги МОБИЛ АУТО ПАРТС ДООЕЛ
Бр. 05-8/2
15.10 2025 год
СКОПЈЕ

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 05-591/1
15.10.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 116 од Законот за јавни набавки, Одлука бр.**05-526/1** од **12.09.2025** година по Поедноставена Отворена постапка бр. **16772/2025 од 14.09.2025** година, носителот на набавката и договорниот орган го потпишаа следниот

**ДОГОВОР**

за уредување на права и обврски
помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката
Склучен во Скопје, помеѓу:

**1. Друштво за промет и услуги МОБИЛ АУТО ПАРТС ДООЕЛ Скопје, ул. Валандовска бр. 4/3-25 Скопје, ЕДБ 4043011508222 ЕМБС 6699316** застапувано од Директор Душко Величковски, во натамошниот текст –**носител на набавка** и

**2. ЈПУЗПП “ЈАСЕН“ - Скопје, ул. 11-ти Октомври бр.23А Скопје**, застапувано од Директор Ангеле Сотировски, во натамошниот текст – **договорен орган**

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**член 1**

Предмет на овој договор е заемна деловна соработка меѓу двете договорни страни, врз основа на Поедноставена Отворена постапка бр. **16772/2025** подетално купопродажба на резервни делови за моторни возила и работни машини со сукцесивна испорака, како и сервисирање на истите, согласно потребите на договорниот орган и тоа по делови:

| **Дел** | **Опис на делот** |
|---|---|
| **Дел 1** | авто делови за патничко возило PUCH 300 GD 3 (1 парче) |
| **Дел 2** | авто делови за патничко возило LADA 4 x 4 (2 парчиња) |
| **Дел 3** | авто делови за патничко возило CHEVROLET SPARK (1 парче |
| **Дел 7** | авто делови за патничко возило Четирицикл HiSUN H750 ATV (2 парчиња) |
| **Дел 8** | авто делови за товарно возило VOLKSWAGEN LT 35 (1 парче) |
| **Дел 9** | авто делови за товарно возило FORD RANGER (1 парче) |
| **Дел 10** | авто делови за товарно возило ISUZU D-MAX CREW (1 парче) |
| **Дел 12** | делови за трактор IMT 539, IMT 567, IMT 549 (3 парчиња) |
| **Дел 14** | делови за трактор RAKOVICA 65 (1 парче) |
| **Дел 16** | делови за работна машина Гасеничар ТГ 140 (1 парче) |

Овој договор се склучува за набавки во период од 1(една) година по условите во Рамковна спогодба **05-579/1 од 09.10.2025 година**. Договорниот орган го задржува правото да не го исцрпи вредносно предметот на договорот.

## ЦЕНИ, УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**член 2**

Сите видови стоки, предмет на овој договор, се продаваат според цените утврдени во понудата и тоа во вкупна вредност по делови од:

| Дел | Опис на делот | Износ |
|---|---|---|
| Дел 1 | авто делови за патничко возило PUCH 300 GD 3 (1 парче) | 45.625,00 без ДДВ, со ДДВ 53.837,50 ден |
| Дел 2 | авто делови за патничко возило LADA 4 x 4 (2 парчиња) | 55.625,00 без ДДВ, со ДДВ 65.637,50 ден |
| Дел 3 | авто делови за патничко возило CHEVROLET SPARK (1 парче | 35.625,00 без ДДВ, со ДДВ 42.037,50 ден |
| Дел 7 | авто делови за патничко возило Четирицикл HiSUN H750 ATV (2 парчиња) | 35.625,00 без ДДВ, со ДДВ 42.037,50 ден |
| Дел 8 | авто делови за товарно возило VOLKSWAGEN LT 35 (1 парче) | 45.625,00 без ДДВ, со ДДВ 53.837,50 ден |
| Дел 9 | авто делови за товарно возило FORD RANGER (1 парче) | 45.625,00 без ДДВ, со ДДВ 53.837,50 ден |
| Дел 10 | авто делови за товарно возило ISUZU D-MAX CREW (1 парче) | 45.625,00 без ДДВ, со ДДВ 53.837,50 ден |
| Дел 12 | делови за трактор IMT 539, IMT 567, IMT 549 (3 парчиња) | 75.625,00 без ДДВ, со ДДВ 89.237,50 ден |
| Дел 14 | делови за трактор RAKOVICA 65 (1 парче) | 35.625,00 без ДДВ, со ДДВ 42.037,50 ден |
| Дел 16 | делови за работна машина Гасеничар ТГ 140 (1 парче) | 255.625,00 без ДДВ, со ДДВ 301.637,50 ден |

**член 3**

За испорачаната стока Договорниот орган ќе биде должен да му ја плати на Носителот на набавката фактурираната цена.
Носителот на набавката се обврзува фактурирањето на испорачаната стока да го врши по понудените цени.

**член 4**

Плаќањето на сите видови стоки ќе се врши вирмански во рок од 60 дена сметано од денот на прием на фактурата.

## ПРИЕМ И ИСПОРАКА НА СТОКАТА

**член 5**

Носителот на набавката е должен договорената стока да ја испорача по писмена нарачка од договорниот орган во рок од 10 дена на следнава локација ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје, ул. Христо Татарчев бб, склад на договорниот орган со паритет ф-ко магацин.

**член 6**

Договорниот орган се обврзува, приемот на стоките да го потврди на придружниот документ од Носителот на набавката.

**член 7**

Квантитативниот и квалитативниот прием ќе се врши при примопредавањето на стоката.

**член 8**

Договорниот орган може да ги рекламира количините на испорачаните стоки, утврдени според мерењата во документот што ја придружува стоката кај носителот на набавката и тоа во рок од 3 дена од пристигнувањето на стоката од неистовареното превозно средство.
Договорниот орган е должен да подготви записник за утврдените разлики меѓу декларираната и најдената количина стоки. Записникот мора да биде потпишан од Договорниот орган и од претставник на Носителот на набавката.
Носителот на набавката ќе ја разгледа рекламацијата и најдоцна во рок од 3 дена ќе го извести договорниот орган.

**член 9**

Приговорот на квалитетот на стоката се доставува до Носителот на набавката веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од неистоварено возило.
Носителот на набавката е должен во рок од 3 дена да преземе мерки за решавање на приговорите.

**член 10**

Рекламациите што не се направени во предвидените рокови со овој договор, Носителот на набавката не е должен да ги разгледува и да постапува по нив.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 11**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обрската или да го раскине овој договор.

**Член 12**

Договорната страна која поради неисполнување на договорените обврски го раскинува овој договор, должна е по писм

ен пат да ја извести другата договорна страна без одлагање.

## <u>ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ</u>

**член 13**

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за преземените обврски од овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или го оневозможуваат исполувањето на договорот.

**член 14**

Како случаи и околности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: војна, воени дејствија, мобилизација, штрајк, пожар, сообраќајни и други катастрофи и други случаи што непосредно влијаат врз извршувањето на обврските.

**Член 15**

Носителот на набавката е согласен да обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, кој следи на овој договор, во износ од **5 %** од вкупната вредност на договорот.Гаранцијата е составен дел на договорот.

## <u>ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ</u>

**член 16**

Овој договор стапува во сила со моментот на неговото потпишување од овластените застапници на договорните страни.

**член 17**

Овој договор може да биде менуван во согласност со волјата на двете договорни страни и сите измени и дополненија може да се вршат само по писмен пат.
Овој договор може да го дополнуваат дополнителни предлози и протоколи под услов да се потпишани од овластени застапници на двете договорни страни.
Сите измени и дополнувања да бидат во согласност со Законот за јавни набавки.

**член 18**

Евентуалните спорови договорните страни ќе ги решаваат пред надлежен суд во Скопје.

**член 19**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА | ДОГОВОРЕН ОРГАН |
|---|---|
| **МОБИЛ АУТО ПАРТС ДООЕЛ Скопје** | **ЈПУЗПП “ЈАСЕН“ - Скопје** |
| Директор | Директор |
| **Душко Величковски** | **Ангеле Сотировски** |